**НСК-КО бр.1/16**
**Скопје, 29.06.2017 година**

**До**
**Основен суд Скопје 1**
**Скопје**

Врз основа на член 39 став 2 алинеја 9 в.в. со член 319 став 1 од Законот за кривичната постапка и член 5 став 4 алинеја 5 од Законот за јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, поднесувам

## О Б В И Н И Т Е Л Е Н А К Т

## СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕРКА ПРИТВОР

**ПРОТИВ:**

***1.*** **И.Г.,** од татко Р., мајка М., роден на ... година во С.Р.М., каде и живее, со ЕМБГ ..., писмен, со завршено високо образование, заменик директор на Управа, женет, татко на три полнолетни деца, Албанец, државјанин на Р.Македонија.

***2.*** **Е.А.** од татко И., мајка Ш., роден на ... година во Т.Р.М., живее во С.Р.М., писмен, со завршено високо образование, женет, татко на три малолетни деца, со ЕМБГ ..., Албанец, државјанин на Р.Македонија.

**ЗАТОА ШТО :**

Во периодот од 24.03.2013 година до 26.03.2013 година за време на локалните избори за избор на градоначалник на општина Ч., во просториите на Комисија Ч., обвинетите: И.Г. како службено лице во вршењето на службата во врска со изборите и гласањето-секретар на Комисија Ч. и Е.А., во група со сведоците: Б.М. како член на изборен орган-претседател на Комисија Ч. и Ќ.Т. како член на изборен орган -заменик член на Комисија Ч., преправиле списи што служат за изборите и гласањето-записници за гласање, сумирање и утврдување на резултати од гласањето од ИО за избирачки места ... за избор на Градоначалник на Општина Ч. од прв изборен круг, со додавање и одземање на повеќе гласови, на кој начин истите станале неупотребливи, на начин што, на 24.03.2013 година, откако по завршување на гласањето на сите избирачки места во општина Ч., резултатите од гласањето со записници за гласање, сумирање и утврдување на резултати од ИО за избор на градоначалник на општина Ч. за секое избирачко место биле доставени до Комисијата Ч., за да согласно член 37 став 2 точка 5 од Изборниот законик бидат сумирани резултатите од гласањето од избирачките места и предадени на Комисија, обвинетиот И.Г., во канцеларијата која ја

користела Комисија Ч., во првиот спрат од Општина Ч., му наредил на сведокот Т.К.-претседател на Одбор .... и го присилил да го преправи записникот за гласање, сумирање и утврдување на резултати од гласањето од Одбор за избирачко место ..., при што наместо бројот 231 гласа за политичката партија ... бројката е преправена во 281 на која преправки сведокот под присилба дополнително ставил печати од Одбор за наведеното избирачко место, а потоа и потпис, додека записникот за гласање, сумирање и утврдување на резултати од гласањето од Одбор за избирачко место ..., обвинетиот И.Г. пред влезот на просторијата во која се наоѓал составот на Комисија Ч., му го земал на сведокот В.К.-претседател на избирачко место ..., истиот го преправил, со тоа што, наместо бројката 388 гласа за политичката партија ... бројката е преправена во 492, наместо бројката 0 за политичката партија ... бројката е преправена во 1, а наместо бројката 149 за политичката партија ... бројката е преправена во 148, па заедно со сведокот Ќ., ставиле печати на местата каде биле извршени преправките, а потоа со закана дека доколку не се потпишел сведокот ќе било лошо за него, заради тоа што претходно имале договор со политичката партија ... за оваа работа, го присилил сведокот да се потпише на тие места, додека обвинетиот Е.А., од овластениот претставник на Завод-Р.Б., ги земал останатите наведени записници и заедно со обвинетиот И.Г., го преправиле бројот на добиени гласови за кандидатите за градоначалник, и тоа, за избирачко место ..., наместо бројот 120 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 220, наместо бројката 204 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 163 гласа, наместо бројката 62 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 42 гласа, за избирачко место ... преправајќи ги бројките од резултатите наместо бројката 253 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 423, наместо 101 глас за политичката партија ... запишале 201 глас, наместо бројката 84 гласа за политичката партија ... ја запишале бројката 34 гласа, за избирачко место ... преправајќи ги бројките од резултатите наместо бројката 295 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 335, наместо бројката 70 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 50, наместо бројката 69 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 49, за избирачко место ... преправајќи ги бројките од резултатите наместо бројката 327 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 357, наместо бројката 82 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 52, за избирачко место ... преправајќи ги бројките од резултатите наместо бројката 274 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 294, наместо бројката 153 за политичката партија ... бројката ја преправиле во 133, за избирачко место ... преправајќи ги бројките од резултатите наместо бројката 197 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 306, наместо бројката 168 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 108, наместо бројката 58 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 38, за избирачко место ... преправајќи ги бројките од резултатите наместо бројката 115 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 205, наместо бројката 193 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 103, за избирачко место ... преправајќи ги бројките од резултатите наместо бројката 187 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 268, наместо бројката 163 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 103, за избирачко место ... преправајќи ги бројките од резултатите наместо бројката 260 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 281, наместо бројката 128 гласа за политичката

партија ... бројката ја преправиле во 108, за избирачко место ... преправајќи ги бројките од резултатите наместо бројката 271 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 373, наместо бројката 223 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 124, наместо бројката 63 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 64, за избирачко место ... преправајќи ги бројките од резултатите наместо бројката 266 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 286, наместо бројката 127 гласа за политичката партија ... бројката ја преправиле во 106, по што така преправените записници и ги вратиле на сведокот Р. и ја натерале да таквите неточни резултати од избори и гласање ги внесе во лаптоп и на тој начин, податоците од преправените записници, вклучително и од двата записници претходно преправени од страна и по наредба на обвинетиот Г., преку интернет врска биле доставени до Комисијата која ги објавила првичните резултати од избори и гласање, па откако во Комисијата се појавило сомневање за вистинитоста на резултатите доставени од Комисијата Ч., на 26.03.2013 година, сведокот Ќ.Т.во просториите на Комисијата Ч., во присуство на обвинетиот И.Г. и сведокот Б.М., на секој од преправените записници од избирачките места, ставил печат од избирачкиот одбор од секое избирачко место, кои печати биле предадени во Комисијата Ч. на 24.03.2013 година по завршување на гласањето и сумирање на резултатите, како да истите се ставени од страна на претседателите на избирачките одбори, а потоа на местата каде биле извршени преправки и ставени печати, заедно со обвинетиот И.Г. самите се потпишувале, фалсификувајќи ги потписите на претседателите на избирачките одбори, за да никој не се посомнева во вистинитоста на преправките, по што така преправените записници со невистинита содржина сведокот Б.М. како претседател на Комисија Ч. ги предал на Комисијата, која по извршениот увид во нив и во целокупниот изборен материјал донела одлука за поништување на гласањето на наведените избирачки места и одлука за разрешување на претседателот, членовите и нивните заменици, како на Комисија Ч., така и на избирачките одбори за наведените избирачки места.

Со кои дејствија обвинетиот И.Г. сторил кривично дело Уништување на изборен материјал од член 164 став 3 в.в. со став 2 и став 1 од Кривичниот законик, а обвинетиот Е.А. сторил кривично дело Уништување на изборен материјал од член 164 став 3 в.в. со став 1 од Кривичниот законик.

Поради кое:

**П Р Е Д Л А Г А М:**

1. Основниот суд Скопје 1 Скопје како стварно и месно надлежен да закаже и одржи главна, јавна и усна расправа на која да бидат повикани:

- Јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите,

- Обвинетите: И.Г. од С.Р.М. и Е.А. од С.Р.М.

- Сведоците: ...

2. Обвинителниот акт се темели на следниве докази...
**(описот на доказите во оригиналното обвинение е содржан од стр.4 до стр.6)**

3. 3. По изведените докази предлагам Судот обвинетите да ги огласи за виновни и да ги осуди според Законот за сторените кривични дела.

## ПОСЕБЕН ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 39 став 2 алинеја 12 в.в член 321 став 3 в.в. со член 144 од ЗКП, предлагам спрема обвинетите: И.Г. и Е.А., да се определи мерката притвор, согласно член 165 став 1 точка 2 од ЗКП.

Имено, во текот на претходната постапка, од прибавените докази во однос на кривичното дело и сторителите произлезе дека обвинетиот И.Г. за време на одржување на Локалните избори одржани 24.03.2013 година бил секретар на Комисија – Ч., која подоцна со Одлука бр... од 02.04.2013 година на Комисијата е разрешена, поради утврдени неправилности при внесување на конечните резултати. Од друга страна, обвинетитот Е.А. на денот на одржување на локалните избори немал функција, која била поврзана со изборите и гласањето, но бил физички присутен во просториите на Комисија Ч.. Имајќи ги предвид исказите на сведоците Ќ.Т., Б.М. и Р.Б., произлезе дека мерката притвор против обвинетите И.Г. и Е.А., во овој случај е неопходна. Конкретно, сведоците го посочуваат И.Г. како човек од кој имаат сериозен страв поради неговиот начин на однесување, што е видно и од начинот на кој се преправени предметните записници, како и неговото однесување по отпочнување на истражната постапка против него во насока на влијание врз исказот на сведокот Ќ.Т. Дополнително, во прилог на ова е и начинот и интензитетот на дејствија преземени, и од И.Г. и од Е.А. во насока на извршување на предметното дело. Несомнениот страв кај сведоците, што само по себе може да влијае на нивните искази, според истите, се појавува и поради моќта која двајцата обвинети ја имаат во политичката партија ..., имајќи ги предвид нивните релации со највисоките структури на партијата. Дури и само од тој аспект гледано, без да постојат конкретни околности, како во овој случај со конкретно влијание од страна на И.Г., очигледни се околностите кои укажуваат на опасност од влијание врз сведоците.

Од тие причини предлагам против обвинетите да се изрече мерка притвор, поради страв од попречување на кривичната постапка од страна на истите, со влијание врз сведоците Ќ.Т., Р.Б. и Б.М.

Посебниот предлог за определување на мерка притвор од член 165 став 1 точка 2 од ЗКП се темели на следните докази ...

**Јавен обвинител за гонење на кривични дела
поврзани и кои произлегуваат од содржината
на незаконското следење на комуникациите
Катица Јанева**